МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# „ Проект за социјално осигурување и пензиска реформа (СИПА)“

## Република Северна МАКЕДОНИЈА

# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ



Септември 2019 г.

## Содржина

**1 ВОВЕД И ОПИС НА ПРОЕКТОТ ... 4**
1.1 Вовед ... 4
1.2 Опис на проектот ... 4
1.3 Локација и контекст на Проектот ... 7
1.4 Придобивки од Проектот ... 7
1.5 Цели и опфат на Планот за вклучување на заинтересираните страни ... 8
**2 РЕГУЛАТОРНИ БАРАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ ... 9**
2.1 Законска рамка и ратификувани меѓународни документи во врска со лицата со попреченост ... 9
2.2 Барања на националното законодавство ... 9
2.3 Барања на Светска Банка ... 10
**3 ПРЕТХОДНА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ ... 12**
**4 Утврдени заинтересирани страни и специфични барања во поглед на комуникацијата ... 14**
**5 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ ... 21**
5.1 Вовед ... 21
5.2 Одговорност за спроведување на ПВЗС ... 21
5.3 Планирани договори за информирање и комуникации ... 21
5.3.1 Документи и информации што треба да се обелоденат ... 22
**6 МЕХАНИЗАМ ЗА ЖАЛБИ ... 23**
**7 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ... 24**
**8 УПРАВНИ ФУНКЦИИ ... 25**
**9 ДОДАТОЦИ ... 26**
**Анекс А Список на организации во подрачјето на Проектот СИПА ... 26**
**Анекс B Список на овластени експерти за безбедност и здравје при работа ... 27**

## Кратенки

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување |
| НКТУИ | Национално координативно тело за утврдување на инвалидност |
| ЕНЕР | Национален електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија |
| ПЕСП | План за еколошка и социјална посветеност |
| ЕСР | Еколошка и социјална рамка |
| РУЖССА | Рамка за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| БРС | Бенефициран работен стаж |
| ЕСС | Еколошки и социјален стандард |
| ФЗО | Фонд за здравствено осигурување |
| МПН | Механизам за поплаки и надомест |
| ЧР | Човечки ресурси |
| МБОР | Меѓународна банка за обнова и развој |
| КИБС | Издавање на дигитални сертификати |
| МАПАС | Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| МФ | Министерство за финансии |
| МЗ | Министерство за здравство |
| НВО | Невладина организација |
| БЗР | Безбедност и здравје при работа |
| ПИОМ | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување |
| ЕСП | Единица за спроведување на проектот |
| РСПН | Развојна стратегија за проектните набавки |
| РМ | Република Македонија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| ПВЗС | План за вклучување на заинтересираните страни |
| СОПА | Социјално осигурување и пензиска администрација |
| ЕСР | Едношалтерски систем за регистрација |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| УНДП | Програма за развој на Обединетите нации |
| СБ | Светска банка |

# 1 ВОВЕД И ОПИС НА ПРОЕКТОТ

## 1.1 Вовед

Заинтересираните страни се дефинирани како лица или групи кои се директно или индиректно засегнати од некој проект, како и оние кои може да имаат интерес во некој проект и/или способност негативно или позитивно да влијаат врз неговиот исход. Целта на постојниот План за вклучување на заинтересираните страни (ПВЗС) е да воспостави ефективна платформа за продуктивна интеракција со потенцијално засегнатите страни и со други кои имаат интерес во однос на спроведувањето и исходите од **Проект за социјално осигурување и пензиска реформа** (СИПА). Во текот на целото времетраење на проектот, значителна вклученост на заинтересираните страни е суштински аспект на доброто управување со проекти и му овозможува на МТСП да ги вгради повратните информации при проектирањето на проектот, да ги оцени ризиците и мерките на ублажување, како и јасно да ги утврди обемот и влијанијата на проектот, за да ги одмери очекувањата.

**Целта и намената на овој ПВЗС е да информира за начинот на кој заинтересираните страни ќе се вклучуваат во текот на целиот проект, кои биле претходните вклучености во рамките на проектот СИПА, и да даде преглед на одговорностите на релевантните институции и изведувачи во спроведувањето на идните активности, итн.**

Во ПВЗС се утврдени главните заинтересирани страни кои се директно или индиректно засегнати (вклучително и ранливите групи), како и оние со други интереси кои може да влијаат врз одлуките во врска со проектот. Дава преглед на презедениот и планираниот пристап кон вклучувањето и артикулира цела низа стратегии за навремено и релевантно вклучување на достапните заинтересирани страни во текот на целото времетраење на проектниот циклус. ПВЗС е, исто така, изготвен во согласност со (и со примена на) Стандардот 10 на Светска банка за еколошки и социјални перформанси во однос на вклученоста на заинтересираните страни и обелоденувањето информации.

## 1.2 Опис на проектот

Владата на Северна Македонија планира да добие заем од Меѓународната банка за обнова и развој (МБОР) за спроведување на Проект за социјално осигурување и пензиска реформа. Проектот ќе го спроведува Министерството за труд и социјална политика на Република Северна Македонија и со него ќе се подобри ефикасноста на социјалното осигурување и пензиски администрации, ќе се ревидира списокот на опасни занимања, ќе се пролонгира учеството на одредени категории опасни и макотрпни занимања на пазарот на трудот и ќе се подобри вработливоста на лицата со попречености на пазарот на трудот.

Проектот СИПА ќе ги подржи владините напори за продолжување со пензиските реформи и за воспоставување поефикасен систем на администрација на социјалното осигурување. Во него се опфатени конкретни и релативно тесни технички области на социјалното осигурување и пензиска администрација, кои се утврдени како „тесни грла“ во администрацијата на социјалното осигурување и последователните реформи утврдени во пакетот пензиски реформи за 2018.

Проектот ќе се состои од следните компоненти:

**Компонента 1. Подобрување на квалитетот на услугите на администрација на социјалното осигурување.** Оваа компонента би го помогнала основањето на централен регистар на осигуреници (Едношалтерски систем за регистрација – ЕСР) и модернизација на пензиската администрација врз основа на Владината одлука од 20 август 2019 година за консолидација на функциите на регистрација и водење евиденција и матичната агенција која е одговорна за тоа. Агенцијата/институцијата која ќе биде задолжена за интеграција и централизација на регистрите на социјално осигурување ќе треба да подготви деловни процеси кои ќе им служат на сите агенции за социјално осигурување и даночна администрација (ПИОМ, ФЗО, АВРМ, УЈП) и вториот пензиски столб (МАПАС[1] и фондовите во вториот пензиски столб).

Активностите во рамките на оваа компонента би се фокусирале на оперативно воспоставување на ЕСР и на прилагодување на деловните процеси за корисниците на агенциите за социјално осигурување за да ги користат услугите што ги обезбедува ЕСР. Централизираната регистрација и водење евиденција од страна на ЕСР би обезбедила единствен, унифициран, точен и навремен проток на информации за регистрираните осигуреници и социјалните придонеси. Централно достапните услуги би ги ослободиле капацитетите во АВРМ, ПИОМ и ФЗО кои се тековно ангажирани на регистрации и водење евиденција; би воспоставиле прецизна база на податоци и проток на информации до УЈП во процесот на наплата и контрола на придонесите; и би обезбедувале навремени информации до институциите во вториот столб и придонесите уплатени во вториот столб. Оваа компонента, исто така, би се фокусирала и на јакнење на основните деловни процеси и капацитети на ПИОМ, врз основа на препораките од функционалната анализа на ПИОМ. Следствено, списокот на активности би ги содржел следните:

- Воспоставување на Единствен систем за регистрација заради социјално осигурување – инвестиции во опрема, софтвер, деловни процеси, обука;
- Прилагодување на УЈП, ФЗО, АВРМ и ПИОМ на ЕСР – инвестиции во податочни линкови и интерфејси со ЕСР, прилагодување на деловните процеси, обука;
- Функционална анализа на ПИОМ и инвестиции во модернизација на ПИОМ, вклучително деловни процеси, технички капацитет, актуарски капацитет, обука на ЧР, услуги за клиентите; и
- Кампања за информирање и едукација на јавноста за функционалностите на ЕСР, придобивките за корисниците и работењето;

**Компонента 2. Јакнење на регулаторната рамка за лица со попреченост и за опасни занимања.** Во поддршка на Владината новозапочната пензиска реформа (преку Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за капитално финансирани пензии), оваа компонента предвидува три поткомпоненти:

- **Поткомпонента 2.1** *Воспоставување унифициран систем на утврдување инвалидност и Централно координативно тело за утврдување инвалидност (ЦКТУИ)*. Новиот модел на утврдување инвалидност, поддржан од Владата[2], има за цел да создаде брз, ефикасен систем за утврдување инвалидитет ориентиран кон клиентот за сите агенции кои се администрираат преку ЦКТУИ при Министерството за труд и социјална политика, преку организирање тимови за утврдување од мрежа на медицински и други експерти кои се овластени за утврдување инвалидитет во поединечни случаи. Оваа Поткомпонента на проектот ќе го поддржи воспоставувањето на ЦКТУИ, вклучително и инвестициите во неговите деловни процеси, техничката опрема и човечкиот капацитет, како и системот за следење, евалуација, лиценцирање, надзор и контрола. Инвестициите би ги вклучиле и информирањето и едукацијата на јавноста во врска со реформата и примена на нови процеси на утврдување инвалидност кои се лесни за користење.

[1] МАПАС е Агенција за супервизија на пензиските фондови во Северна Македонија.

[2] Унификација на процесите, методологиите и администрацијата на утврдувањето инвалидитет е процес кој е во тек во многу земји од ЕУ и Северна Македонија црпи од тие добри практики во креирањето на новиот модел.

- **Поткомпонента 2.2** *Реформирање на системот на вработување лица со попреченост.* Пилот-проект (под водство на УНДП) за јакнење на процесот на професионална рехабилитација и неговиот административен капацитет е веќе во тек на две локации во Северна Македонија. Организацискиот модел што беше пилотиран претпоставува централна единица за рехабилитација (РЕХА центар) за утврдување на индивидуалните програми за професионална рехабилитација, при што спроведувањето ќе им биде доделено на невладини организации. Активностите што ќе се очекува да ги спроведува централната единица вклучуваат регистрација на барањата за професионална рехабилитација, утврдување на степенот на инвалидност и преостаната работоспособност (преку ЦКТУИ), подготовка на индивидуални програми за професионална рехабилитација, доделување на работата на друго лице и следење на нејзиното спроведување и подржување на процесот на вработување по рехабилитацијата. Врз основа на пилот-резултатите, од овој проект би се финансирало отпочнувањето со работа на системот на професионална рехабилитација на ниво на земјата. Активностите кои се очекува да се поддржат во рамните на оваа Поткомпонента вклучуваат инвестиции во формирање нови РЕХА центри (опрема, деловен софтвер, обука) и широка информативна кампања особено насочена кон лицата со попреченост.
- **Поткомпонента 2.3** *Ревизија на списокот на опасни занимања.* Целта на реформата што Владата сака да ја спроведе е да се ревидира списокот, да се преоценат опасностите од ризик за секое работно место, да се ограничи опцијата за предвремено пензионирање само на услови за работа со големи опасности по здравјето и потенцијални нереверзибилни акутни здравствени последици, како и да се воспостави систем на предвремено пензионирање со кој би се стимулирале осигурениците да останат активни на пазарот на трудот, наместо да се пензионираат најрано што можат. Активноста поддржана со оваа поткомпонента пред се би опфатила ангажирање на тим од ергономски, медицински и други експерти кои би извршиле ревизија на сите работни места и услови за работа во Северна Македонија кои во моментот се декларирани како работни места и услови за работа кои носат опасности по здравјето.

Компонента 3. *Project Управување, следење и евалуација на Проектот*

Предложениот проект би бил надградба на ангажманот на Владата на Северна Македонија и Светската банка на полето на администрација на социјалното осигурување, поконкретно на пензиското и инвалидското осигурување.

Образложението на финансирањето на јавниот сектор е поврзано со јакнење на администрацијата на социјалното осигурување заради добробит на сите корисници. Намалените административни трошоци и подобрените услуги на социјално осигурување за корисниците би ја подобриле добросостојбата на осигурениците, би овозможиле поефикасна наплата и контрола на придонесите и би резултирале со повисоки стапки на активност на пазарот на трудот кај лицата со попреченост и оние кои се баваат со опасни и макотрпни занимања.

Во тие случаи, влијанијата ќе се ограничат, па, следствено на тоа, и социјалните ризици поврзани со заштитните мерки се ограничени. За да се сведат социјалните ризици на минимум, реформата треба да се фокусира и на активностите на терен и воспоставувањето на двонасочна комуникација со корисниците.

Конкретните активности од Компонентата 1 и Компонентата 2, наречени ‘потпроекти’ во овој ПВЗС не може однапред да се определат и ќе бидат утврдени во текот на спроведувањето на Проектот. Оваа РУЖССА има за цел правилно да ги оцени и да најде решение за

потенцијалните еколошки и социјални грижи поврзани со спроведувањето на проектните активности, во согласност со ЕСС на Светската банка.

## 1.3 Локација и контекст на Проектот

Целта на Проектот е зајакнување на конкретни сегменти во администрацијата на пензиското и социјалното осигурување. Според тоа, директните придобивки од проектот би биле: (i) намалени административни трошоци и подобрувања во администрацијата на социјалното осигурување, и (ii) услуги на социјално осигурување за корисниците со повисок квалитет. Конечно, административните подобрувања како резултат на проектот би требало да резултираат со поефикасна наплата и контрола на придонесите и со повисоки стапки на активност на пазарот на трудот од страна на лицата со попреченост и лицата кои се бават со опасни и макотрпни занимања. Со проектот би се обезбедил систем кој е способен да ја зајакне администрацијата и на страната на наплатата и на страната на плаќање.

Административните подобрувања би ја зајакнала добросостојбата на осигурениците, би овозможиле поефикасна наплата и контрола на придонесите и би резултирале со повисоки стапки на активност на пазарот на трудот од страна на лицата со попреченост и лицата кои се бават со опасни и макотрпни занимања.

## 1.4 Придобивки од Проектот

Целите на Проектот СИПА се подобрување ефикасноста на администрацијата на социјалното и пензиското осигурување, ревизија на списокот на опасни занимања, пролонгирање на учеството на одредени категории опасни и макотрпни занимања на пазарот на трудот и подобрување на вработливоста на лицата со попречености на пазарот на трудот.

Клучните резултати од Проектот се:

**Исход 1: Подобрување на квалитетот на услугите на администрација на социјалното осигурување**

- Показател 1: Единствениот систем за регистрација на корисниците на социјално осигурување е креиран и функционален
- Показател 2: Процент на осигуреници чии информации им се централно достапни на сите агенции за социјално осигурување

**Исход 2: Јакнење на регулаторната рамка за лица со попреченост и со опасни занимања**

- Показател 4: Процент на корисници кои се задоволни со постапката на утврдување инвалидност
- Показател 5: Намалување на бројот на повеќекратните процени за целите на социјалните услуги и бенефиции

**Со предложениот проект ќе се поддржат владините напори за продолжување со пензиските реформи и креирањето поефикасен систем на администрација на социјалното осигурување**. Со него би се опфатиле конкретни и релативно тесни технички области на социјалното осигурување и пензиска администрација, кои се утврдени како „тесни грла“ во администрацијата на социјалното осигурување и последователните реформи утврдени во пакетот пензиски реформи за 2018. Списокот на опфатени прашања и области на ангажман вклучува: i) јакнење на информациската основа на еден широк систем на социјално осигурување по пат на централизирање и консолидирање на регистрацијата на поединци во системот на задолжително социјално осигурување (пензиско, здравствено и осигурување во случај на невработеност) и водење евиденција на податоците за социјалното осигурување; ii)

подобрување на ефикасноста и ориентираност кон корисниците на процесот на утврдување инвалидност за лица кои бараат бенефиции, услуга или помош поврзани со попреченост; iii) поголема активираност на лицата со попреченост со фокусирање на нивната професионална рехабилитација, обука, вештини и вработливост на отворениот пазар на трудот; и iv) пролонгирање на активноста на осигурениците кои се бават со опасни и макотрпни занимања, наместо нивно предвремено пензионирање.

## 1.5 Цели и опфат на Планот за вклучување на заинтересираните страни

Вклученоста на заинтересираните страни е инклузивен процес кој е одвива во текот на целото времетраење на проектот. Доколку е правилно осмислена и спроведена, таа ја поддржува изградбата на силни, конструктивни и позитивно реактивни односи, кои се важни за успешно управување со еколошките и социјалните ризици утврдени во некој проект. Навремената, честата и јасна комуникација со заинтересираните страни помага во одмерување на очекувањата и одбегнувањето ризици, потенцијални конфликти и одложувања на проектот. Освен тоа, планот помага и во управувањето со очекувањата на заинтересираните страни, кои ќе играат улога во текот на целото времетраење на проектот. Оттука, во овој ПВСЗ е содржан и план за ефективна интеракција со заинтересираните страни во насока на поддршка на интересите на проектот.

Со цел да се обезбеди јасна и непречена комуникацијата помеѓу сите заинтересирани и засегнати страни, Министерството за труд и социјална политика го изработи овој План за вклучување на заинтересираните страни (ПВЗС), кој го спроведува вклучувањето на заинтересираните страни во согласност со законите на РС Македонија, како и со барањата на Светска банка (стандардите ЕСС).

Клучните цели на ПВЗС може да се сумираат како што следи:

- ✓ Разбирање на барањата на законодавството на РС Македонија во поглед на вклучувањето на заинтересираните страни;
- ✓ Обезбедување насоки за вклучување на заинтересираните страни кои ги исполнуваат стандардите на СБ;
- ✓ Утврдување на заинтересираните страни кои се засегнати и/или во позиција да влијаат врз Проектот и неговите активности;
- ✓ Утврдување на најефективните методи, моментот и структурите преку кои ќе се разменуваат податоци за проектот и ќе се обезбедат редовни, достапни, транспарентни и соодветни консултации;
- ✓ Воспоставување процес на вклучување на заинтересираните страни со кој на заинтересираните страни им се дава можност да влијаат врз планирањето и проектирањето на проектот; почетните консултации со заинтересираните страни веќе се одржаа;
- ✓ Воспоставување на формални механизми за поплаки/одлучување;
- ✓ Дефинирање на улогите и одговорностите за спроведување на ПВЗС;
- ✓ Дефинирање на мерките за известување и следење, со цел да се обезбеди ефективноста и периодичните прегледи на ПВЗС врз основа на наодите.

**Документот ПВЗС ќе биде отворен и континуирано ќе се ажурира како што се спроведуваат потпроектите.**

# 2 РЕГУЛАТОРНИ БАРАЊА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

## 2.1 Законска рамка и ратификувани меѓународни документи во врска со лицата со попреченост

Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и нејзиниот Опционен протокол на 29 декември 2011 година.

Владата усвои и Национална стратегија за еднаквост и антидискриминација врз основа на етничка припадност, возраст, ментална или физичка попреченост и род 2012 – 2015. Националната стратегија за еднаквост и антидискриминација е национален документ, чија главна намена е подобрување на статусот на најранливите категории граѓани во општеството и обезбедување на континуиран развој во остварувањето на правото на еднаквост и антидискриминација. Истовремено, усвоен е и Оперативен акциски план. Акцискиот план содржи мерки и активности за периодот од 2012 до 2013., како и проекции за мерките и активностите за периодот 2014 – 2015 година.

Основната цел на овој документ е да се обезбеди оперативен и континуиран развој во остварувањето на правото на еднаквост и создавање еднакви можности поврзани со прашањето за дискриминација по разни основи утврдени со стратегијата: етничка припадност, возраст, ментална или физичка попреченост и пол.

Други релевантни стратегии, програми и акциски планови:

- Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020 (ревидирана)
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија 2016-2020;
- Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 (ревидирана);
- Национална програма за развој на социјалната заштита 2011-2021;
- Национална стратегија за деинституционализација 2008-2018;
- Национална стратегија за еднаквост и антидискриминација 2016-2020;
- Национален акциски план за примена на Законот за заштита и спречување дискриминација 2015-2020 година;

## 2.2 Барања на националното законодавство

- Закон за вработување на лица со посебни потреби (Службен весник на Република Македонија, 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 161/2008, 99/2009, 136/2011, 129/2015, 147/2015, 27/2016, 99/2018)
- Закон за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18, 245/18, 180/19);

- Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 164/13, 44/14, 192/15, 30/16, 21/18, 245/18, 180/19);
- Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/12, 147/15, 30/16);
- Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08, 124/10, 71/11, 13/13);
- Закон за отпишување на камати на достасани обврски по основ на придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 97/15);
- Правилникот за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 163/15);
- Правилник за стручно оспособување на лица со попреченост („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/04)

## 2.3 Барања на Светска Банка

СБ утврди сеопфатна група на специфични еколошки и социјални стандарди (ЕСС) што се очекува проектите да ги исполнат. Вклученоста на засегнатите страни во согласност со барањата на Светската банка е поврзан со ЕСС 10.

Еколошкиот и социјален стандард (ЕСС) 10, „Вклученост на засегнатите страни и обелоденување информации" од Еколошката и социјалната рамка Светската банка (ЕСР) ја препознава „важноста на отворен и транспарентен ангажман меѓу Заемокорисникот и заинтересираните страни во проектот како суштински елемент на добро меѓународна практика". Поточно, барањата утврдени со ЕСС10 се следните:

- „Заемокорисниците ќе се вклучат со заинтересираните страни во текот на целиот животен циклус на проектот, започнувајќи со таков ангажман што е можно порано во процесот на развој на проектот и во временска рамка што овозможува значајни консултации со заинтересираните страни во врска со проектирањето на проектот. Природата, обемот и зачестеноста на вклученоста на заинтересираните страни ќе бидат сразмерни со природата и обемот на проектот и неговите потенцијални ризици и влијанија.
- Заемокорисниците ќе се вклучат во значајни консултации со сите заинтересирани страни. Заемокорисниците ќе им обезбедат на заинтересираните страни навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации и ќе се консултираат со нив на културно соодветен начин, кој не вклучува манипулација, мешање, принуда, дискриминација и заплашување.
- Процесот на вклученост на заинтересираните страни ќе се состои од следното, како што е подетално објаснето во овој ЕСС: (i) утврдување и анализа на заинтересираните страни; (ii) планирање на начинот на кој ќе се оствари вклученоста на заинтересираните страни; (iii) обелоденување информации; (iv) консултации со

заинтересираните страни; (v) решавање и одговор на поплаки; и (vi) известување до заинтересираните страни.

- Како дел од оцената на животната средина и социјалните аспекти, Заемокорисникот води и обелоденува документиран запис за вклученоста на заинтересираните страни, вклучувајќи опис на консултираните заинтересирани страни, резиме на добиените повратни информации и кратко објаснување на тоа како се земени предвид или причините поради кои не се земени предвид тие повратни информации.“ (Светска банка, 2017: 98).

Заемокорисникот треба да изготви План за вклучување на заинтересираните страни, пропорционален на природата и обемот на проектот и неговите потенцијални ризици и влијанија. Планот треба да се обелодени што е можно поскоро, а Заемокорисникот треба да ги побара ставовите на заинтересираните страни во однос на ПВЗС, вклучително и во поглед на утврдувањето на заинтересираните страни и предлозите за идно вклучување. Доколку ПВЗС биде значително изменет, Заемокорисникот е должен да го обелодени ажурираниот ПВЗС. Според ЕСС10, Заемокорисникот треба, исто така, да предложи и да спроведе механизам за жалби, за навремено да ги добие поплаките и загриженоста на страните погодени од проектот поврзани со еколошките и социјалните перформанси на проектот и да го олесни нивното решавање.

Утврдувањето на заинтересираните страни ќе обезбеди широко учество во обезбедувањето прифатливост на проектот и во неговиот дизајн. За да се осигури дека ќе има учество на граѓаните во текот на животниот век на проектот, изготвен е нацрт-ПВЗС, во кој е јасно предвиден процесот на јавна расправа и обелоденување на клучните информации за проектот коишто ќе бидат ставени на располагање на релевантните заинтересирани страни за време на подготовката и спроведувањето на проектот.

## 3 ПРЕТХОДНА ВКЛУЧЕНОСТ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

Тим на Светска банка работеше во Скопје помеѓу 11 и 15 февруари 2019 година за да продолжи со подготовката на Проектот за администрација на социјалното и пензиското осигурување (СИПА). Министерството за труд и социјална политика (МТСП) формираше четири работни групи, по една за секоја тематска област на Проектот, за да го подготви Проектот со помош на тимот на Светската банка. На состанокот одржан на 11.02.2019 година во „Клубот на пратеници“ беа поканети различни заинтересирани страни од релевантните институции за проектот СИПА (МТСП, МЗ, Агенцијата за вработување, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, МАПАС, Фондот за здравствено осигурување, КИБС) за изложување на Проектот за социјално осигурување и пензиска администрација. Во периодот помеѓу 12-14 февруари, тимот одржа серија состаноци со работни групи и индивидуални агенции-учеснички за реформските концепти и техничките проблеми во секоја од четирите тематски области на Проектот.

На 28 март 2019 година, МТСП и СБ организираа работилница „Регистрирање во системот на социјално осигурување и складирање податоци за социјалното осигурување: Меѓународно искуство и опции за Северна Македонија“ заради размена на искуства со експерти од Србија и Словенија и обезбедување информации за меѓуагенциската работна група задолжена за проектирање на новиот систем.





Слика 1 Фотографии од работилницата „Регистрирање во системот на социјално осигурување и складирање податоци за социјалното осигурување: Меѓународно искуство и опции за Северна Македонија“, хотел Мериот – Скопје, 28 март 2019 г.

На 12 април 2019., беше организиран состанок за поднесување предлози за првичните активностите што институциите треба да ги преземат за да воспостават Единствен систем за регистрација. За време на состанокот, претставниците на сите институции ја нотираа потребата од автоматска размена на податоци од институцијата што првично ги генерираше сите податоци што се релевантни за проектот СИПА.

Тим на Светска банка работеше во Скопје во периодот од 9 до 10 јули 2019 година , со цел да: i) ги потврди реформските области кои ќе бидат поддржани од проектот СИПА; ii) дискутира и да ги договори следните чекори во подготовката на СИПА; iii) го ажурира временскиот распоред за подготовка на проектот; и iv) да ја утврди потребната помош и обемот на поддршка од Владата во спроведувањето на потребните одлуки за креирање политики.

На 20 август, Владата ги усвои информациите за подготовка на СИПА проектот, со обврска МТСП да ги води и координира активностите на Проектот, да ги изврши потребните измени на законите и да обезбеди нови информации до крајот на септември 2019 година.

За јавноста да се запознае со содржината на документите подготвени за проектот СИПА и навремено да се вклучи во реализацијата на проектните активности, сите подготвени документи ќе бидат објавени на веб-страната на Министерството за труд и социјална политика (http: //www.mtsp.gov.mk/).

## 4 Утврдени заинтересирани страни и специфични барања во поглед на комуникацијата

Постои одреден број на клучни заинтересирани страни кои се релевантни за спроведување на Проектот СИПА, така што тие се утврдени според нивниот интерес, влијание и важноста. Сите заинтересирани страни кои имаат регулаторна улога и одговорност за спроведување на Проектот на централно ниво се претставени на следната табела.

Релевантните заинтересирани страни кои можат да бидат вклучени на кој било начин во спроведувањето на активностите на Проект за социјално осигурување и пензиска реформа или засегнати од неговите активности се претставени во **Error! Reference source not found.**.

Табела 1 Заинтересирани страни релевантни за Проектот СИПА

| Категорија на заинтересирана страна | Подгрупа / Сектор во министерството | Одговорности |
|---|---|---|
| Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија (заинтересирани страни) | • Министерство за труд и социјална политика,<br>- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување;<br>- Сектор за труд и политики на вработување;<br>- Одделение за прекршоци од областа на работните односи и здравјето и безбедноста при работа;<br>- Сектор за еднакви можности;<br>- Сектор за социјална заштита;<br>- Совет за следење на состојбите на пензискиот систем | - Обезбедување правилно и ефикасно спроведување на проектот СИПА во однос на националното законодавство и барањата на СБ,<br>- Модернизирање на процесите и капацитетот на фондот за пензиско и инвалидско осигурување<br>- Надзор над работењето на пензиските друштва и пензиските фондови;<br>- Ревидирање на списокот на опасни и макотрпни занимања во Северна Македонија кои даваат право на предвремено пензионирање<br>- Формирање на Централно координативно тело за утврдување инвалидност (ЦКТУИ)<br>- Собирање, обработување и администрирање на сите барања за утврдување инвалидност во Северна Македонија, организирање тимови за утврдување инвалидност, лиценцирање и/или овластување медицински и други експерти, комуницирање со лицата и агенциите кои бараат утврдување инвалидност и нивно соодветно известување;<br>- Измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување |
| | Фонд за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ)<br>Сектор за остварување на правата на пензиското и инвалидското осигурување | - Подобрување на ефективноста на деловните процеси на ПИОМ<br>- Регистрација на лица во системот на задолжително социјално осигурување (пензиско, здравствено и во случај на невработеност) и водење евиденција на податоците за социјално осигурување;<br>- Воспоставување точна база на податоци и проток на информации до УЈП во процесот на регистрација |
| | ▪ ФЗО | - Здравствено осигурување на граѓаните, права и обврски од здравственото осигурување |
| | ▪ Агенција за вработување (АВРМ)<br>Сектор за истражување и анализа на пазарот на трудот<br>Сектор за правни и административни прашања | - Надградба и замена на сегашниот модел на субвенционирање на заштитните друштва со ефикасна професионална рехабилитација и пристап на лицата со посебни потреби до отворен пазар на |

| Категорија на заинтересирана страна | Подгрупа / Сектор во министерството | Одговорности |
| --- | --- | --- |
| | | трудот;<br>- Кампања за информирање и едукација на јавноста за вработување лица со посебни потреби;<br>- Активирање на лицата со посебни потреби со фокусирање на нивната професионална рехабилитација, обука, вештини и вработливост на отворен пазар на трудот;<br>- Воспоставување на точна база на податоци и проток на информации до УЈП во процесот на регистрација |
| | ▪ УЈП<br>- Сектор за финансиски работи | - Воспоставување на Единствен регистар на имателите на социјално осигурување (Единствен систем за регистрација - ЕСР) – инвестиции во опрема, софтвер, деловни процеси, обука;<br>- Кампања за информирање и едукација на јавноста за функционалностите на ЕСР, придобивките за корисниците и работење |
| | ▪ Министерство за финансии,<br>- Сектор за буџети и фондови | - Обезбедување финансии за вработување лица со попреченост |
| | ▪ Министерство за здравство,<br>- Сектор за е-здравје<br>▪ Министерство за внатрешни работи,<br>▪ Министерство за транспорт и врски,<br>▪ Министерство за економија,<br>▪ Државен инспекторат за труд, | - Исполнување на законските обврски пропишани за работниците кои имаат право на предвремено пензионирање во однос на нивните привилегии;<br>- |
| | ▪ Синдикати за професии со бенефициран работен стаж<br>▪ Сите различни синдикати | - Застапување за правата на работниците кои имаат право на предвремено пензионирање;<br>- Застапување за правата на лицата со посебни потреби и нивно вклучување во подобрениот систем за вработување |
| | ▪ Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС | - Заштита на интересите на членовите на пензиските фондови; |
| **Локални и регионални власти (засегнати страни)** | ▪ 30 подрачни единици и локални канцеларии на ПИОМ,<br>▪ 30 подрачни единици на АВРМ,<br>▪ 30 подрачни единици на ФЗО,<br>▪ Центри за социјална работа, | - Поддршка на МТСП и ЕСП за ефикасно спроведување на СИПА,<br>- Обезбедување на целосна имплементација на БЗР и јавно објавување во текот на проектните активности. |
| **Невладини и професионални организации (заинтересирани страни)** | ▪ Асоцијација на здруженија на пензионери на Македонија<br>▪ Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет<br>▪ Национални и локални НВО и здруженија за активности од областа на социјалното осигурување, пензиски прашања и грижа за лицата со посебни потреби. | - По спроведувањето на проектот СИПА и покренување на прашања во врска со прашањата на социјално и пензиско осигурување кои треба да се надминат |
| **Финансиски институции и приватни друштва (засегнати** | ▪ Светска банка,<br>▪ Снабдувачи на опрема,<br>▪ Изведувачи/даватели на консултантски услуги. | - Обезбедување финансиска поддршка за реализација на проектот,<br>- По спроведувањето на стандардите за БЗР и еколошките стандарди во сите фази на проектот, |

| Категорија на заинтересирана страна | Подгрупа / Сектор во министерството | Одговорности |
|---|---|---|
| **страни)** | | - Учество на јавноста според ЕСС 10 на СБ и националното законодавство. |

ЕСП ќе разгледува различни прашања со секоја група заинтересирани страни, во зависност од нивната улога, одговорност и значење како заинтересирана страна. Следната табела ги содржи главните прашања за кои ќе се дискутира со различни заинтересирани страни.

Слика 1 Клучни прашања кои ќе бидат предмет на дискусија со различните заинтересирани страни

**Владини и регулаторни тела и јавни претпријатија (заинтересирани страни)**

- Здравје и безбедност на лицата со попречености;
- Измени во Законот за пензиско и инвалидско осигурување;
- Воспоставување унифициран централен регистар на осигуреници;
- Одржливост на пензискиот систем;
- Намалени административни трошоци и подобрувања во администрацијата на социјалното осигурување;
- Обелоденување информации во јавноста и организирање едукативна кампања за вработување лица со попреченост и одредени категории на предвремено пензионирани лица;
- Здравствено осигурување на граѓани, права и обврски од здравственото осигурување
- Ревизија на сите работни места и услови за работа во Северна Македонија со моментно прогласените опасности по здравјето

**Локални и регионални власти (засегнати страни)**

- Нови вработувања на лица со попреченост и одредени категории на предвремено пензионирани лица;
- Развој на локалната економија;
- Јавно обелоденување на проектната документација и проектните активности;
- Поддршка на националните институции во обезбедувањето на неопходните бази на податоци за одредени категории осигуреници;
- Информирање на јавноста и функционалностите на ЕСР, придобивките за корисниците и работењето
- Активирање на лицата со попреченост на отворениот пазар на трудот

**Невладини и професионални организации (заинтересирани страни)**

- Здравствено осигурување на граѓани, права и обврски од здравственото осигурување
- Ревизија на сите работни места и услови за работа во Северна Македонија со моментно прогласените опасности по здравјето;
- Здравје и безбедност на лицата со попреченост;
- Воспоставување унифициран централен регистар на осигуреници;
- Подобрувања во администрацијата на социјалното осигурување и намалување на административните трошоци и;
- Организирање едукативна кампања за вработување лица со попреченост и одредени категории на предвремено пензионирани лица;
- Објавување информации за подобрувањата и реформите на услугите на администрација на социјалното осигурување

**Финансиски институции и приватни друштва (засегнати страни)**

- Инвестиции и социо-економски развој;
- Сообразување со националното законодавство и барањата на СБ;
- Подобрени услуги на социјално осигурување за осигурениците;
- Вклученост на граѓаните и заинтересираните страни и мерки за отчетност за предложените активности развиени во рамките на проектот;
- Значителна вклученост на граѓаните/јавна расправа пред усвојувањето на новата владина стратегија за лицата со попреченост и пензиските реформи;

Списокот на заинтересирани страни во текот на спроведувањето на проектот ќе се ажурира во континуитет и ќе биде инкорпориран во документот ПВЗС.

Ќе се користат различни методи на комуникација, како што е соодветно за секоја група заинтересирани страни. Општо, тие методи вклучуваат: а) јавни и индивидуални состаноци, б) соопштенија за медиуми и портали, в) обезбедување општи информации на огласни табли на јавни места, г) редовна кореспонденција по пошта и е-пошта и објавување на релевантни информации за проектот на веб-страната на Министерството за труд и социјална политика (http://www.mtsp.gov.mk) и на други, релевантни институции.

Постојат различни техники на вклучување кои се користат за градење односи со заинтересираните страни - собирање информации од заинтересирани страни, консултации со заинтересирани страни и дистрибуирање на информации за проектот до заинтересираните страни.

При изборот на соодветна техника на консултации, треба да се земат предвид соодветните методи на консултација и целта за вклучување со група на заинтересирани страни. Најчесто користените техники се прикажани на следната табела.

Табела 2 Техники на ПВЗС

| **Техника на вклучување** | **Релевантни заинтересирани страни** | **Соодветна примена на техниката** |
|---|---|---|
| Преписки (телефон, е-пошта, текст, инстант пораки) | • Министерство за труд и социјална политика,<br>- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување;<br>- Сектор за труд и политики на вработување;<br>- Одделение за прекршоци од областа на работните односи и здравјето и безбедноста при работа;<br>- Сектор за еднакви можности;<br>- Сектор за социјална заштита;<br>- Совет за следење на состојбите на пензискиот систем<br>▪ ПИОМ и подрачните единици<br>▪ ФЗО и подрачните единици<br>▪ АВРМ и подрачните единици<br>▪ УЈП и подрачните единици<br>▪ Министерство за финансии<br>▪ МАПАС<br>▪ Сите релевантни синдикати<br>▪ НВО | ▪ Дистрибуција на информации до Владини службеници, НВО, локалната самоуправа и организации/агенции/синдикати/здружен ија<br>▪ Покана до заинтересираните страни на состаноци и последователни активности |
| Средби "еден на еден" | • Министерство за труд и социјална политика,<br>- Сектор за пензиско и инвалидско осигурување;<br>- Сектор за труд и политики на вработување;<br>- Одделение за прекршоци од областа на работните односи и здравјето и | ▪ Барање ставови и мислења<br>▪ Овозможување на заинтересираните страни да зборува слободно за чувствителните прашања<br>▪ Градење лични односи<br>▪ Евиденција на состаноци |

| Техника на вклучување | Релевантни заинтересирани страни | Соодветна примена на техниката |
|---|---|---|
| | безбедноста при работа;<br>- Сектор за еднакви можности;<br>- Сектор за социјална заштита;<br>- Совет за следење на состојбите на пензискиот систем<br>▪ ПИОМ и подружниците<br>▪ ФЗО и подружниците<br>▪ АВРМ и подружниците<br>▪ УЈП и подружниците<br>▪ Министерство за финансии | |
| Формални средби | ▪ Асоцијација на здруженија на пензионери на Македонија<br>▪ Национален сојуз на лица со телесен инвалидитет<br>▪ Национални и локални НВО и здруженија за активности од областа на социјалното осигурување, пензиски прашања и грижа за лицата со посебни потреби. | ▪ Презентирање на информациите за проектот пред група заинтересирани страни<br>▪ Давање можност на групата да коментира - мислења и ставови<br>▪ Градење безличен однос со заинтересираните страни на високо ниво<br>▪ Дистрибуирање технички информации<br>▪ Водење записници од дискусиите |
| Јавни средби | ▪ Здруженија/НВО на лица со попречености,<br>▪ Вработени во опасни и макотрпни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање (на пр., во рударството, хемиската индустрија, полицијата, војската и други),<br>▪ Синдикати на лица со попречености;<br>▪ Синдикати на вработени во опасни и макотрпни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање;<br>▪ Асоцијација на здруженија на пензионери на Македонија | ▪ Презентирање на информациите за проектот и на измените во законодавството пред голема група заинтересирани страни (лица со попреченост, предвремено пензионирани лица, пензионери, итн.);<br>▪ Давање можност на групата да изнесува свои мислења и ставови;<br>▪ Градење однос со заинтересираните страни, особено со оние кои се засегнати;<br>▪ Дистрибуирање технички информации;<br>▪ Олеснување на средбите со презентации, постери и сл.;<br>▪ Водење записници од дискусиите, коментарите и прашањата. |
| Средби со фокус групи | ▪ Здруженија на лица со попреченост;<br>▪ Вработени во опасни и макотрпни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање (на пр., во рударството, хемиската индустрија, полицијата, војската и други),<br>▪ Синдикати на лица со попреченост;<br>▪ Синдикати на вработени во опасни и макотрпни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање;<br>▪ Асоцијација на здруженија на пензионери на Македонија | ▪ Презентирање на информациите за проектот пред група заинтересирани страни;<br>▪ Давање можност на заинтересираните страни да ги изнесат своите ставови во поглед на целните основни информации, особено овозможување на ранливите лица, лицата со попреченост, итн., да ги искажат своите ставови и мислења;<br>▪ Ревизија и презентирање на списокот на опасни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж;<br>▪ Градење односи со заедниците;<br>▪ Водење евиденција на реакциите. |
| Проектот на веб | ▪ Министерство за труд и социјална | ▪ Презентирање на информации за проектот |

| Техника на вклучување | Релевантни заинтересирани страни | Соодветна примена на техниката |
|---|---|---|
| страни/во Информативниот центар | политика,<br>▪ ПИОМ и подружниците<br>▪ ФЗО и подружниците<br>▪ АВРМ и подружниците<br>▪ УЈП и подружниците<br>▪ Министерство за финансии<br>▪ МАПАС | и ажурирани информации за напредокот<br>▪ Обелоденување на ПВЗС и другата релевантна проектна документација |
| Радио/ТВ емисии/портали | ▪ Министерство за труд и социјална политика<br>▪ АВРМ и подружниците<br>▪ УЈП и подружниците | Организација на емитување радио/ТВ емисии за проектот да се доближи до широката јавност и давање можност за прашања и одговори |
| Брошура за проектот | ▪ Министерство за труд и социјална политика | ▪ Кратки информации за проектот, за да се обезбеди редовно информирање<br>▪ Информации за проектот кои се специфични за конкретната локација. |

# 5 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

## 5.1 Вовед

За време на подготовката на ПВЗС, дизајнирани се различни комуникациски и информативни канали за сите идентификувани заинтересирани страни, во согласност со нивните потреби. Процесот на вклучување ќе се искористи за добивање предлози / коментари за активностите на Проектот, кои може да бидат одраз на дизајнот на проектот и да доведат до зголемени придобивки за релевантните групи на заинтересирани страни. МТСП препознава дека навременото вклучување на различни заинтересирани страни може да овозможи успех на Проектот.

Утврдени се заинтересираните страни во Проектот СИПА, со цел да се одговори на разните барања што произлегуваат од консултациите. Заинтересираните страни вклучуваат лица или групи кои:

- се директно и/или индиректно засегнати од Проектот;
- имаат одредени интереси поврзани со Проектот и неговите активности;
- се во положба да влијаат врз самиот Проект и неговиот конечен Исход.

## 5.2 Одговорност за спроведување на ПВЗС

МТСП ќе биде одговорно за спроведување на Проектот, вклучително и спроведувањето на овој ПВЗС, под надзор на Заемодавателите. Досега, ЕСП не е формирана. Има само номинирани претставници од секоја од главните групи на заинтересирани страни за соодветните проектни компоненти (МТСП, ПИОМ, АВРМ, УЈП, МФ, МАПАС, МЗ).

И од сите изведувачи одговорни за извршување на конкретни активности на Проектот, исто така, ќе се бара да ги спроведат релевантните одредби на ПВЗС. Барањата во поглед на механизмот за жалби ќе бидат утврдени во тендерската документација и договорите потпишани со подизведувачите.

## 5.3 Планирани договори за информирање и комуникации

МТСП има искуство со веќе воспоставените механизми за комуникација со јавноста во врска со други, различни проекти. Одговорните лица од МТСП редовно ја ажурираат веб-страната со објавување новости, известувања и извештаи за тековните проекти.

На веб-страната на МТСП (http://mtsp.gov.mk/) ќе биде достапен механизам за жалби преку кој ќе се решаваат поплаки во врска со ПВЗС за Проектот СИПА и преку кој граѓаните ќе може да поднесат какви било грижи релевантни за проектот СИПА.

Планираната реформа на системот на пензиско и инвалидско осигурување ќе наметне измени во законодавството (Закон за пензиско и инвалидско осигурување и Закон за капитално финансирани пензии или подзаконски акти). За време на изработката на

релевантното законодавство, ќе бидат организирани дискусии со заинтересираните страни (секоја подгрупа одделно) за добивање коментари и предлози.

Изменетата нацрт-законска регулатива ќе биде објавена на Националниот електронски регистар на прописи на Република Северна Македонија - ЕНЕР (https://ener.gov.mk/), како и на веб-страните на МТСП, ПИОМ, ФЗО и АВРМ и ќе биде достапна за коментари и предлози во текот на период од 30 дена. Сите релевантни коментари од примените предлози ќе бидат земени предвид и ќе бидат вградени во конечната верзија на законодавството.

Исто така, тим од ергономски, медицински и експерти за здравје и безбедност при работа ќе ги ревидира сите работни места и услови за работа во Северна Македонија со тековно прогласени здравствени опасности и ќе достави Ревидиран список. Ревизијата на списокот на опасни занимања кои се квалификувани за предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж (БРС) ќе биде јавно достапна за коментари/предлози за ЕНЕР, како и на веб-страните на МТСП, ПИОМ, ФЗО и АВРМ. Линкот до списокот со Лиценцирани експерти за здравје и безбедност при работа е даден во Анекс Б.

***Оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти на Проектот СИПА:***

По анализата на проектните активности во рамките на Проект за социјално осигурување и пензиска реформа (СИПА), може да се заклучи дека спроведувањето на СИПА ќе има мало влијание врз животната средина.

При спроведувањето на проектот СИПА, особено кога ќе се инсталира новата опрема, треба да се посвети посебно внимание на старата опрема што ќе биде заменета, затоа што ќе се создава отпад (дел од опремата ќе биде отпад со опасни карактеристики). Со генерираниот отпад треба да се управува во согласност со видовите на отпад и тој треба да биде соодветно: селектиран, обележан, спакуван, привремено одложен, транспортиран и трајно одложен според барањата на националното законодавство за управување со отпад.

Експертите кои ќе ги посетат инсталациите за време на ревизијата на Списокот на опасни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж, со цел да се утврди ризикот на работното место, треба да носат соодветна заштитна опрема и облека (ракавици, чевли, маски, шлемови) во зависност од видот на работите што се изведуваат на инсталацијата.

### 5.3.1 Документи и информации што треба да се обелоденат

Сите документи изготвени во рамките на Проектот СИПА ќе бидат јавно достапни на веб страната на МТСП (http://www.mtsp.gov.mk):

За таа цел, треба да се подготви пакет со информации за обелоденување, кој ќе ги содржи следните документи:

- **План за вклучување на заинтересираните страни (ПВЗС),**
- **План за посветеност на животната средина и социјалните аспекти (ППЖССА),**
- **Механизам за поплаки и надомест (МПН);**
- **Развојна стратегија за набавки за Проектот (РСНП),**
- **Ревидиран список на опасни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж (БРС)**

Пакетот со информации за обелоденување ќе биде јавно достапен на македонски (и на англиски, каде што тоа е можно) веднаш откако ќе стане достапен, на веб страните на Министерството за труд и социјална политика (www.mtsp.gov.mk) и на ПИОМ, АВРМ, УЈП, ФЗО, МФ и МЗ.

## 6 МЕХАНИЗАМ ЗА ЖАЛБИ

При Министерството за труд и социјална политика на РСМ (http://www.mtsp.gov.mk/) ќе се воспостави онлајн Механизам за жалби, вклучително и регистар на жалби. Целта на овој механизам е да ги информира сите заинтересирани страни за постапката на поднесување жалби/предлози во врска со ПВЗС и на добивање одговор на поднесените жалби.

Освен преку механизмот, сите коментари/грижи/жалби може да се достават до МТСП вербално (лично или по телефон) или во писмена форма, со пополнување на Образецот за жалби на проектот (со лична достава, по пошта, факс или е-пошта до лицето за контакт во МТСП). Подносителите на коментари или жалби имаат право да побараат нивното име да се чува како доверливо. Жалбите може да се достават анонимно, иако во такви случаи подносителот нема да добие одговор. На сите коментари и поплаки ќе биде одговорено или вербално или во писмена форма, во согласност со претпочитаната метода на комуникација наведена од подносителот, доколку се дадени детали за контакт на подносителот на жалбата.

**Повратни информации до подносителот во врска со одлуката**

Подносителот на пријавата ќе биде информиран за предложените корективни активности и следењето на корективните мерки во рок од 25 календарски дена по приемот на жалбата. Во ситуација кога ЕСП не е во состојба да го реши конкретното прашање доставено преку механизмот за жалби или доколку не е потребно д се преземат никакви активности, ЕСП ќе достави детално објаснување/образложение за тоа зошто прашањето не е решено. Одговорот ќе содржи и објаснување за тоа како лицето/организацијата што ја поднесла жалбата може да продолжи со жалбата, во случај исходот да не е задоволителен. Во секое време, подносителите на жалба може да искористат и други правни лекови во согласност со правната рамка на РСМ, вклучително и формална жалба до суд.

***Информации за контакт  во случај на прашања и жалби:***

**_____________________________**

**Проект за администрација на социјалното и пензиското осигурување (СИПА)**
**Министерство за труд и социјална политика**
**Ул. Даме Груев бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Ел. пошта: ______________________**

## 7 СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Следењето и проценката на процесот на заинтересираните страни се сметаат од суштинско значење за обезбедувањето на тоа дека МТСП е во состојба да одговори на утврдените проблеми и да ги измени распоредот и природата на активностите, за да ги направи поефикасни. Следниве карактеристики ќе помогнат во постигнување на успешна вклученост:

- ✓ Транспарентност на сите активности
- ✓ Промоција на вклученоста на заинтересираните страни;
- ✓ Доверба во МТСП и другите клучни институции од страна на сите релевантни заинтересирани страни;
- ✓ Доволни ресурси за реализација на потфатот;
- ✓ Вклучување на клучните групи за интеракција со заинтересираните страни;

Следењето на процесот на вклученост на засегнатите страни овозможува да се процени неговата ефикасност. Поконкретно, со утврдување на клучните показатели на перформансите кои ги одразуваат целите на ПВЗС и конкретните активности и временски рамки, можно е и следење и проценка на процесот.

<u>Клучни показатели на перформансите</u>

- ✓ Број на предмети со жалби
- ✓ Број на решени жалби
- ✓ Учество во јавни расправи во врска со измените во законодавството и Списокот на опасни занимања кои имаат право на предвремено пензионирање со бенефициран работен стаж (БРС)

За да се обезбедат резултати од процесот на вклучување на заинтересираните страни (Број на предмети со жалби, број на решени жалби, присуство на јавни расправи) и спроведување на проектот, МТСП има обврска да изготвува Извештај за следење на годишна основа.

МТСП ќе биде одговорно за следење на сите активности за вклучување на заинтересираните страни поврзани со Проектот, обезбедување на реализацијата и ажурирањето на овој ПВЗС и известување на заинтересираните страни.

# 8 УПРАВНИ ФУНКЦИИ

Проектот СИПА ќе се спроведува од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија како главна одговорна институција, во соработка со ПИОМ, ФЗО, УЈП, АВРМ, Министерството за здравство и Министерството за финансии (МФ).

Со цел да се воспостави систем за предвремено пензионирање што би ги поттикнало осигурениците да останат активни на пазарот на трудот наместо да се пензионираат што е најрано можно, МТСП ќе го ангажира високо стручниот тим на ергономски, медицински и други експерти за ревизија на сите работни места и услови за работа во Северна Македонија со тековно декларираните здравствени опасности.

# 9 ДОДАТОЦИ

## Анекс А Список на организации во подрачјето на Проектот СИПА

| Име на организацијата | Линк | Ел. пошта | Телефон |
|---|---|---|---|
| Национален совет на инвалидски организации на Македонија | http://www.nsiom.org.mk/index.php/clenki | ziom@t.mk | + 389 23 165 526 |
| Сојуза на здруженија на пензионери на Македонија | http://szpm.org.mk/mak/index.asp | kontakt@szpm.org.mk | + 389 2 3223 710 |
| Економско-социјален совет | http://www.mtsp.gov.mk/socijalno-partnerstvo-ns_article-ekonomsko-socijalen-sovet.nspx | MPancevska@mtsp.gov.mk<br>ASulejmani@mtsp.gov.mk<br>TJanevski@mtsp.gov.mk | +389 76 455-843<br>+389 76 435-009<br>+389 76 420-812 |
| Заедница на заштитни друштва | http://www.zapovim.mk/ | contact@zapovim.mk | + 389 2 3229-013 |
| Сојуз на стопански комори | https://www.chamber.mk/ | info@chamber.mk | + 389 2 3091 440 |
| Стопанска комора на Македонија | http://www.mchamber.org.mk/ | ic@mchamber.mk | +389 2 3244000<br>+389 2 3244088 |
| Стопанска комора на северозападна Македонија | https://oemvp.org/mk/ | info@oemvp.org | +389 2 3239 252 |
| Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии (МАСИТ) | https://www.masit.org.mk/ | contact@masit.org.mk | +389 75 280 507 |

# Анекс В Список на овластени експерти за безбедност и здравје при работа

http://www.mtsp.gov.mk/registri.nspx